# Градови и региони: Пакт за запирање на сексуалното насилство врз децата

Придонес на Конгресот
на Советот на Европа
Кампања **ЕДНО од ПЕТ**

усвоен од Бирото на Конгресот на 14 септември 2012

Графички дизајн: Конгрес на локалните и регионалните
власти на Советот на Европа
Издание: февруари 2013

# Содржина

**Презентација на Пактот ____ 5**
- За што станува збор? ____ 5
- Зошто се вклучуваат локалните и регионалните власти? ____ 6
- Што предлага Конгресот? ____ 7
- Што очекува Конгресот на Советот на Европа да направат локалните и регионалните власти? ____ 8
- Што претставува Пактот на Конгресот на градови и региони за запирање на сексуалното насилство врз децата? ____ 9
- Што подразбира потпишувањето на Пактот? ____ 10
- Кои се главните партнери? ____ 11

**Кои се четирите клучни области? ____ 11**
- Четири клучни области: Превенција ____ 12
- Четири клучни области: Заштита ____ 19
- Четири клучни области: Кривичен прогон ____ 22
- Четири клучни области: Учество ____ 23

**Какви конкретни активности можат да се преземат на регионално ниво? ____ 24**

**Како ќе функционира Пактот во практика? ____ 24**
- „Online“ платформа за регистрирање за Пактот ____ 24

**Листа за проверка на активностите на локалните и регионалните власти ____ 26**
- Превенција ____ 26
- Заштита ____ 27

**Документи и референтни веб-страници ____ 28**

# Презентација на Пактот

## За што станува збор?

Расположливите податоци укажуваат дека скоро секое петто дете во Европа е жртва на некаков облик на сексуално насилство, еден од најтешките облици на насилство врз децата. Сексуалното насилство може да се појави во најразлични облици, вклучувајќи инцест, порнографија, проституција, трговија со луѓе, корупција, подведување преку Интернет, сексуална експлоатација и сексуална злоупотреба. Сите овие облици можат и предизвикуваат сериозни штетни последици по менталното и физичкото здравје на децата. Честопати, последиците од сексуалната злоупотреба ги следи децата и во нивниот живот како возрасни – живот кој лицето кое преживеало вакво насилство често го опишува како живот во скриена тага и болка.

Во 2010 година, Советот на Европа започна кампања со која се третира прашањето на сексуално насилство врз децата. Оваа кампања, која е наречена ЕДНО од ПЕТ со цел да го отслика размерот на проблемот, е насочена кон промовирање на потпишувањето, ратификацијата и примената на Конвенцијата на Советот на Европа за заштита на децата од сексуална експлоатација и сексуална злоупотреба (во понатамошниот текст Конвенцијата од Ланзароте); кампањата исто така има за цел да им пренесе на децата, нивните семејства/одгледувачи и општеството во целина знаења и вештини за превенција и заштита на

децата од сексуално насилство и злоупотреба, на тој начин подигајќи ја свеста за размерот на овој проблем.

## Зошто се вклучуваат локалните и регионалните власти?

Локалните и регионалните власти се одговорни да ја обезбедуваат и да унапредуваат сигурноста и благосостојбата на децата и младите луѓе кои живеат на нивното подрачје, делувајќи заедно со останатите партнери, како што се третиот сектор, јавните организации и приватниот сектор. Тие треба да усвојат четири-слоен пристап кој опфаќа четири клучни области - превенција, заштита, кривичен прогон и учество – таканаречен пристап во четирите „П“.[1] Главните предизвици со кои се соочуваат градовите и регионите во Европа во справувањето со случаите на сексуално насилство и злоупотреба на децата е да се подигне свеста за ова прашање, да се изготват и да се спроведуваат акциски планови и стратегии засновани на потребите на заедницата во четирите гореспоменати области, како и да се инвестира во подобри услуги за децата. При преземањето на сите активности и давањето на услуги мора да се почитуваат правата на децата, со тоа што на примарно место треба да се постави најдобриот интерес на детето и да се овозможи да се слушне гласот на децата, а со цел на локално ниво да обезбедат такви услуги кои соодветствуваат на потребите на децата и

[1] Називот на таканаречениот пристап на четирите „П“ (“Ps”) доаѓа од почетната буква на зборовите превенција, заштита, кривичен прогон и учество на англиски јазик: prevention, protection, prosecution and participation и на француски јазик: prévention, protection, poursuite et participation – *прим. прев.*).

семејствата за запирање на сексуалното насилство и сексуалната злоупотреба, како и услови да се изведат сторителите пред лицето на правдата.

## Што предлага Конгресот?

Адресирајќи ги локалните и регионални димензии на Кампањата ЕДНО од ПЕТ, Конгресот на локални и регионални власти на Советот на Европа усвои Стратешки акциски план со конкретни цели насочени кон:

1. Подигање на свеста на членовите на Конгресот, локалните и регионалните власти, здруженијата на локалните и регионалните власти и на останатите партнери во кампањата;
2. Промоција на употребата на правните стандарди и инструменти на Советот на Европа (Конвенцијата од Ланзароте и Насоките за правда пријателски настроена кон децата при воспоставување на структури и механизми за заштита на децата од сите облици на насилство;
3. Поттикнување на локалните и регионалните власти да спроведуваат кампањи, да користат други алатки за подигање на свеста за спречување на сексуалното насилство врз децата, особено преку изготвување и усвојување на материјали за подигање на свеста (The Underwear Rule) за да им помогнат на родителите и одгледувачите да разговараат со децата за сексуалното насилство на начин прифатлив и подобен за децата;

4. Промоција на меѓу-институционален пристап и поттикнување на локалните и регионалните власти да воспостават координирани и мултидисциплинарни структури, процеси и механизми за справување со сексуалното насилство врз децата;
5. Градење култура која ќе овозможи градовите и регионите да бидат повеќе пријателски настроени и подобни за децата и која ќе им овозможи на децата и младите луѓе ефективно да учествуваат во градењето на безбедни заедници ослободени од сексуално насилство.

## Што очекува Конгресот на Советот на Европа да направат локалните и регионалните власти?

Делувањето на локално ниво се чини дека е ограничено, имено истражувањата спроведени во 2010 година во Велика Британија укажуваат дека помалку од една четвртина од локалните власти во таа држава членка имаат усвоено стратегија за заштита на децата од сексуална експлоатација.[2] Меѓутоа истражувањата и расположливите докази покажуваат дека сексуалната експлоатација на децата **постои,** не само во Велика Британија, туку и насекаде во сите 47 држави членки на Советот на Европа, иако методите на собирање на податоци не секогаш се доволно развиени за да го поддржат овој аргумент.

Од тие причини, преку Кампањата ЕДНО од ПЕТ Конгресот настојува да се подигне свеста за Конвенцијата од

[2] Што се прави за да се заштитат децата и младите луѓе од сексуална експлоатација? Jago et al, октомври 2011.

Ланзароте меѓу локалните и регионалните власти со цел да се воспостават услуги на локално и регионално ниво кои ќе бидат пријателски настроени и подобни за децата, да ги заштитат децата и да се спречи сексуалното насилство во рамки на заедницата.

Во таа смисла, Конгресот на Советот на Европа ги поттикнува и повикува сите градови и региони да се посветат и приклучат на Кампањата ЕДНО од ПЕТ со потпишување на **Пактот на Конгресот на градови и региони за запирање на сексуалното насилство врз децата.**

## Што претставува Пактот на Конгресот на градови и региони за запирање на сексуалното насилство врз децата?

Делувањето е пожелно, во суштина тоа е неопходно во сите четирите клучни области објаснети погоре. Затоа, Конгресот изготви листа на можни активности, започнувајќи со оние за кои се потребни малку или за кои воопшто не се потребни финансиски средства, па до оние активности кои изискуваат значителни инвестиции поради потребата да се изградат конкретни стратегии и да се воспостават солидни структури. Независно од висината на трошоците, мерките за запирање на сексуалното насилство и злоупотреба на децата секогаш ќе бидат скапи, бидејќи тие се инвестиција во здрава заедница заснована на почитување на човековите права.

Иако крајна цел на Конгресот е што е можно поголем број локални и регионални власти да воспостават координирани и мултидисциплинарни структури, процеси и механизми за справување со сексуалното насилство и злоупотреба на децата, градовите и регионите можат да придонесат во Кампањата ЕДНО од ПЕТ, чекор по чекор, со тоа што ќе започнат на едно скромно ниво, на пример со подигање на свеста за самата кампања преку воспоставување линк од својата веб-страница.

Конгресот ги поттикнува локалните и регионалните власти од сите 47 држави членки да го потпишат Пактот и да започнат со спроведување барем на една од активностите содржани во листа, а потоа постепено да напредуваат во борбата против сексуалното насилство и злоупотреба на децата, при што нивна крајна цел ќе биде воспоставување на координирани и мултидисциплинарни структури, процеси и механизми.

## Што подразбира потпишувањето на Пактот?

Со потпишување на Пактот, градовите и регионите кои учествуваат во кампањата ја прифаќаат целта на Конгресот за подигање на свеста и воспоставување на структури неопходни за справување со проблемот на сексуалното насилство и злоупотреба на децата, при тоа применувајќи што е можно повеќе активности набројани во памфлетот или применувајќи други активности кои ќе му помогнат на Конгресот да ја оствари целта.

## Кои се главните партнери?

Советот на Европа воспостави мрежа на лица за контакт назначени од владите на 47-те држави членки кои можат да им помогнат и да им дадат совети на локалните власти како да ги обединат своите напори со многубројни невладини организации и граѓански групи кои се активно вклучени во кампањата. Исто така, воспоставени се и национални тимови за кампањата во неколку држави членки кои ги координираат и спроведуваат активностите поврзани со кампањата и даваат насоки на регионално и општинско ниво. Општините и регионите исто така можат да се поврзат со надлежните министерства во своите земји.

Парламентарното собрание на Советот на Европа воспостави Мрежа на парламентарци за контакт која има за цел да ги координира парламентарните активности насочени кон справување со сексуалното насилство врз децата на национално, европско и меѓународно ниво. Мрежата, која во моментов има 49 членови, овозможува размена на најдобри практики во спроведувањето на законски и политички активности во секоја држава членка.

## Кои се четирите клучни области?

Крајна цел на локалните и регионалните власти треба да биде превенција односно спречување на експлоатацијата на децата. За таа цел, тие мора да одлучат како ќе раководат со службите од јавниот сектор за да се обезбеди целосна заштита и поддршка на децата и младите луѓе, а едновремено да се обезбеди и кривичен прогон на

сторителите. Локалните и регионалните власти треба да усвојат таканаречен четири-слоен пристап кој опфаќа четири области: превенција, заштита, кривичен прогон и учество - односно да се превенира/ спречи злоупотребата на децата, да се заштитат жртвите, да се гонат сторителите и да се обезбеди учество на децата во целиот процес.

Во овој дел, ќе најдете информации за тоа какви активности треба да се преземат и зошто тие се неопходни во секоја од овие четири области.

## Четири клучни области: Превенција

Постојат голем број на превентивни активности што можат да се преземат на локално и регионално ниво за да се спречи сексуалната експлоатација и злоупотреба на децата.

***Подигање на свеста***

Локалните и регионалните власти треба да усвојат превентивни програми и политики против сексуалната злоупотреба и насилство врз децата, а со цел да се подигне свеста на децата, лицата кои работат со децата, родителите, семејствата, одгледувачи и општата јавност. Подигањето на свеста може да помогне во иницирање на општествени промени кои ќе ги подржуваат превентивните мерки.

Преку превентивните програми и политики треба да се овозможи сите релевантни субјекти да добијат соодветна, високо професионална обука за да можат да пружат делотворни и безбедни услуги. Во категоријата на релевантни субјекти треба да се вклучат сите лица кои имаат редовни контакти со децата, на пример, социјални работници, здравствени работници, наставници (на сите нивоа од предучилишно до средно образование), полицијата, персоналот кој работи во комплекси за културни, спортски и слободни активности, цркви, младински центри, припадници на органите надлежни за спроведување на законот, итн.

**<u>Предлози на активности</u>**

- Воспоставете линк до веб-страницата на Кампањата на Советот на Европа ЕДНО од ПЕТ од веб- страниците на вашиот град или регион
- Организирајте информативни сесии во училиштата и младинските центри наменети за децата и персоналот
- Дистрибуирајте брошури и памфлети што содржат информации и насоки
- Спроведувајте обуки за професионалците на локално и регионално ниво
- Организирајте дискусии и семинари за професионалците и општата јавноста
- Искористете ја „Европската недела на локалната демократија" за да се нагласи и сврти вниманието кон овој проблем
- Соработувајте со НВОи, медиумите и приватниот сектор

Бидејќи раната идентификација на децата во ризик треба да биде дел на секој стратегија, потребно е да се стекне соодветно знаење за сексуалната експлоатација и сексуалната злоупотреба на децата и да се подигне свеста како да се препознаат знаците кои може да

укажат на сексуално насилство, на пример промени во однесувањето на детето.

Родителите, семејствата и одгледувачите, исто така, треба да научат како да ги препознаваат индикаторите за сексуална експлоатација и злоупотреба на децата, активностите што треба да се преземат и влијанието што го имаат врз децата и семејствата.

Исто така, потребно е да се спроведува обука за превентивни мерки, како на пример „online" места за следење, а децата треба да се обучат како да си помогнат самите на себе, на пример преку препознавање на штетни содржини на Интернет или несоодветни контакти со странци кои од нив бараат да откријат лични податоци за да се спријателат со

**Предлози на активности**

- Обезбедете лесен пристап до националните и европските линии за помош и поддршка
- Обезбедете со едно кликнување на веб-страницата на вашиот град или регион да може да се добие помош и совет на брз начин
- Изгответе и дистрибуирајте за сите деца во училиштата мали и лесни за носење „мемориски картички" кои ќе содржат корисни броеви и адреси
- Изработете магнети за фрижидер кои ќе содржат корисни броеви и адреси за секое домаќинство
- Поставете постери во местата каде често се движат деца кои ќе содржат информации за тоа каде можат да се обратат за помош
- Доставете едукативни материјали пријателски настроени и подобни за децата во училиштата и младинските клубови
- Дистрибуирајте памфлети за безбедно однесување на Интернет
- Овозможете пријавување на незаконски дејствија на Интернет

децата (зближување). Оваа обука треба да се прошири и да ги опфати и родителите кои треба да знаат како да го следат и контролираат пристапот и однесувањето на нивните деца на Интернет, а децата треба да ги научат ризиците и опасностите што ги демнат на Интернет. За таа цел, може да се изготват посебни алатки за безбедносно користење на Интернет за децата, родителите и наставниците во соработка со НВОи и други организации или да се користат постоечките алатки за подигање на свеста.

Активностите за подигање на свеста, исто така, треба да бидат насочени кон општата јавност која треба да биде запознаена и информирана за овој феномен и за превентивните мерки што можат да се преземат. Еден од начините тоа да се постигне е да се воспостави линк од веб-страницата на градот или регионот до веб-страницата на Кампањата на Советот на Европа ЕДНО од ПЕТ. Исто така, националните и европските телефонски и други линии за помош и поддршка можат да се промовираат и на локално ниво.

***Подигање на свеста и едукативни материјали***

Советот на Европа изготви материјали за подобро разбирање на прашањето за сексуално насилство и злоупотреба на децата и за промоција на пораките на кампањата. Овие материјали се наменети за оние кои донесуваат одлуки, групи за застапување и поддршка и професионалци кои работат со деца. Исто така, изготвен е посебен материјал за подигање на свеста, кој е преведен на 36 европски јазици, со цел да ги обучи родителите и децата како да го спречат и пријават сексуалното

насилство (www.underwearrule.org). Локалните и регионалните власти треба да ги отпечатат и широко да ги дистрибуираат материјалите од Кампањата ЕДНО од ПЕТ во училиштата и други објекти кои се наменети за децата (младински клубови, здруженија на младите, на пример извидниците, итн.). (Контакт: 1in5@coe.int).

***Образование на децата***

Учејќи за сексуалната злоупотреба и насилство, вклучително и за различните видови на насилство и за ризичните ситуации, децата ги прошируваат своите знаења и способности како да направат добар, сигурен и здрав избор и како да го избегнат ризикот од сексуална експлоатација и злоупотреба, на кој начин тие се оспособуваат да развиваат здрави и позитивни односи.

Во основните и средните училишта треба да се доставуваат корисни и делотворните едукативни материјали кои ќе бидат приспособени на возраста и сообразени со посебните потреби и осетливоста на децата, вклучително и културно сензитивни информации напишани на јазик близок до децата. На тој начин, децата добиваат пораки за тоа што претставува сексуалното насилство и како да го препознаат, со што се унапредува превенцијата преку промоција на сигурни практики. Во овие материјали треба да се вклучат информации и за новите комуникациски технологии и ризиците кои се поврзани со однесувањето на Интернет и како да се пријават незаконски содржини на Интернет.

Во секоја едукативна или информативна кампања треба да се посочат изворите од каде може да се добие совет и поддршка, на пример телефонски и други линии за помош за децата да знаат каде да се обратат, особено националните и европските броеви кои се отворени и по завршување на редовното работно време. На децата во училиштата може да им се поделат мали и лесни за носење „мемориски картички", привpзоци за клучеви или футроли за мобилни телефони кои ќе содржат корисни информации и адреси што тие ќе можат да ги носат во училишните торби. Локалните и регионалните власти можат да изготват магнети за фрижидер со вакви податоци за секое семејство да има едноставен пристап до овие информации. Локалните и регионалните власти треба да обезбедат овие информации да бидат лесно достапни и јасно видливи, односно со едно кликнување на веб-страницата на градот или регионот децата да можат да добијат помош и совет. На сите места каде често се движат децата треба да се постават постери со информации за тоа каде да се обратат и со кого да контактираат, како: училишта, игралишта, групи за игри, младински центри, здравствени центри, јавни библиотеки, служби за брза

**Предлози на активности**

- Назначете лице или тело на локално/регионално ниво кое ќе работи на подигање на свеста за сексуалното насилство и злоупотреба на децата
- Соработувајте со граѓанското општество на собирање на конкретни податоци за локалните состојби кои треба да бидат основа на политиките и активностите
- Соработувајте со медиумите
- Соработувајте преку границите на градот

помош, клиники за сексуално здравје, веб-страници на локалните власти, цркви, итн.

***Партнери во превентивните активности***

Конвенцијата од Ланзароте ги поттикнува властите да воспостават независни институции за унапредување и заштита на правата на децата. Исто така, се препорачува да се назначи лице или тело кое ќе работи на подигање на свеста за сексуалната експлоатација и злоупотреба на децата, како што се Правобранител за деца, Застапник на децата или Комесар за детски права. Овие тела или функции можат да се воспостават на локално и/или регионално ниво.

На меѓународно, европско, национално, регионално и локално ниво дејствуваат многу организации и здруженија во борбата против сексуалното насилство и злоупотреба на децата. Многу од нив имаат изготвено информативни документи и материјали за подигање на свеста кои може широко да се дистрибуираат. Националните здруженија на локалните и регионалните власти, како и самите тие, треба да соработуваат со овие организации со цел да се искористат овие материјали во широки размери.

Сексуалната експлоатација и злоупотреба на децата се нарекува „скриен" криминал бидејќи децата жртви редовно се соочуваат со големи потешкотии во обелоденување на ова дело. Овој факт, заедно со недостатокот на стандардизирани и споредливи методи за собирање на податоци, укажува дека е тешко да се добие јасна претстава за размерот на овој феномен. Битно е локалните и регионалните власти да воспостават

механизми за собирање на податоци врз основа кои ќе може да се следи и оценува состојбата на подрачјето што тие го покриваат. Благодарение на собраните податоци, властите можат да ги оценат ризиците, опфатот и природата на сексуалната експлоатација на децата во подрачјето што го покриваат и да изградат соодветен одговор на проблемот.

Организациите на граѓанското општество можат да соработуваат со локалните и регионалните власти на проекти и програми насочени кон превенција и заштита на децата, како што е тоа случај и со приватниот сектор посебно секторот за информациски и комуникациски технологии и медиумите. Соработката на регионално ниво може да биде делотворна посебно во таргетирање на сторителите кои ги поминуваат границите на градовите, на пример во случаите на трговија со деца.

## Четири клучни области: Заштита

Бидејќи се наоѓаат најблиску до децата жртви на сексуалната експлоатација и злоупотреба, локалните и регионални властите се наоѓаат во најповолна положба да воспоставаат структури во кои ќе бидат опфатени сите субјекти кои се вклучени во ланецот на обезбедување услуги, а со цел да се обезбеди најдобра помош и поддршка за децата. Тие исто така имаат обврска да им служат не само на потребите на децата жртви, туку и на семејниот систем и на заедницата во целина. Локалните и регионални властите треба да се залагаат и да промовираат меѓу-институционален пристап и да

воспостават координирани и мултидисциплинарни структури, процеси и механизми за справување со сексуалното насилство врз децата.

**Предлози на активности**

- Изградете меѓу-институционални и мултидисциплинарни центри/ куќи пријателски настроени и подобни за децата
- Воведете обврска за пријавување на делата на локално/ регионално ниво
- Објавете ги националните и европските телефонски линии и „online" линкови за помош и поддршка
- Изгответе јасни насоки за пријавување на делата за сите професионалци кои работат со деца

***Мултидисциплинарни центри***

Градовите и регионите треба да изградат сеопфатен и интегрален пристап заснован на меѓу-институционална стратегија и да формираат специјализирани и посветени институции кои ќе имаат јасна улога и надлежности, а во кои ќе се обединат сите локални служби кои се вклучени во заштитата на децата и во унапредувањето на нивната благосостојба. Локалните стратегии за заштита треба да опфатат и специфични локални постапки и системи.

Во повеќето европски земји, одговорноста за справување со сексуалната злоупотреба на децата се наоѓа во рацете на повеќе различни органи или институции кои се надлежни да ги истражат таквите случаи. Поради тоа, децата се изложени на испитувања во повеќе наврати што доведува до нивна секундарна виктимизација што може да биде еднакво, па дури и поштетно, од првичната

злоупотреба на децата. Конвенцијата од Ланзароте промовира воспоставување на меѓу-институционални и мултидисциплинарни центри, каде на едно место под еден ист покрив ќе работат сите професионалци кои се вклучени во истрагата на случаите на злоупотреба на децата – социјалните и здравствените служби, полицијата и органите надлежни за спроведување на законот, судството, итн. – за да се осигури дека децата жртви на сексуално насилство нема да бидат повторно изложени на злоупотреба (концепт на „центри/куќи пријателски настроени и подобни за децата"). Битно е децата да имаат место каде ќе можат да се обратат и се искажат во доверба, слободно и каде тие ќе се чувствуваат сигурно. Овие центри го овозможуваат тоа: со децата може да се разговара или да се прават судско-медицински вештачења, да се вршат сеопфатни и темелни проценки и на децата да им се пружи неопходна терапевтска помош од страна на компетентни професионалци, едновремено избегнувајќи повторување на разговорите и секундарна виктимизација на децата жртви.

Доколку се предвиди обврска за пријавување на сомневањата за овие дела, може да се заштитат повеќе деца без при тоа да се нарушат постоечките правила за доверливост или самата доверба на детето. Треба да се изготват јасни насоки за сите професионалци кои работат со деца кои треба да знаат до кои надлежни органи може да се обратат, а потоа локалните и регионалните власти мора да утврдат дали постојат основи на сомневање за злоупотреба. Сите релевантни субјекти исто така треба да бидат свесни за заштитата и правата на децата, како и за

примарното место на најдобриот интерес на детето во постапувањето.

Таму каде што не постојат, треба да се отворат телефонски и „online" линии и на национално ниво, преку кои ќе им се овозможи на децата едноставен пристап до соодветна помош и поддршка и независно советување.

***Партнери во активностите за заштита***

Невладините организации и други организации од граѓанскиот сектор се битни партнери, особено во обезбедувањето заштита на жртвите.

## Четири клучни области: Кривичен прогон

Конвенцијата од Ланзароте инкриминира серија на дејствија, но иако истрагата и кривичната постапка против сторителите главно се определува и води според домашното кривично законодавство, локалните и регионални власти имаат одредена улога и во оваа област. Во сите активности во оваа фаза, вклучително и во текот на истрагата и судската постапка, главно внимание треба да се посвети на најдобриот интерес на детето, неговите права и ранливост.

***Помош на жртвите***

Властите треба да обезбедат одредени мерки, какви што се давање на бесплатна помош во текот на судската постапка, советување на родителите и браќата или сестрите на детето жртва и терапевтска помош, вклучително и во соработка со НВОи.

***Постапување со сторителите***

Локалните и регионалните власти можат да обезбедат соодветни услуги за поддршка, посебно во насока на избегнување на повторување на делата. Исто така, тие можат на сторителите да им даваат информации за нивните права и за услугите кои им стојат на располагање.

## *Четири клучни области: Учество*

Советот на Европа верува дека правото на детето да биде слушнато и сериозно да се разгледа неговата изјава е основно право врз кое почива достоинството и здравиот развој на секое дете и млад човек. За делотворно остварување на ова право на детето и за да може примарно внимание да се посвети на неговиот најдобар интерес, неопходно е да се слушнат и да се земат предвид ставовите на децата и младите луѓе во согласност со нивната возраст и зрелост за сите прашања кои ги засегаат, вклучително и за нивна заштита од насилство, злоупотреба, занемарување и лошо постапување.[3] Сите активности на локалните и регионалните власти треба да се раководат според ова начело.

---

[3] Препорака CM/Rec(2012)2 на Комитетот на министри до државите членки за учество на децата и младите луѓе под 18 годишна возраст.

## Какви конкретни активности можат да се преземат на регионално ниво?

Иако многу мерки кои се предвидени во Конвенцијата од Ланзароте треба да се преточат во домашното кривично и граѓанско законодавство, одредени клучни прашања од областа на заштита на децата може да се отстапат на регионите, како на пример уредување и организација на социјалните и здравствените услуги, усвојување на конкретни мерки и воспоставување на структури за превенција и заштита на децата од сексуална експлоатација и злоупотреба. Регионалните власти и парламентите треба да разгледаат какви мерки, вклучително и законодавни и административни, можат да се преземат во насока на примена на одредбите на Конвенцијата од Ланзароте.

## Како ќе функционира Пактот во практика?

Избраните локални и регионални претставници се повикуваат да го свртат вниманието на нивните колеги и институциите надлежни за грижа за здравјето, благосостојбата и сигурноста на децата во нивните градови и региони кон Пактот, со цел и тие да се залагаат за спроведување на иницијативите содржани во него.

### „Online" платформа за регистрирање за Пактот

Локалните и регионалните избрани претставници можат да се регистрираат на „pact platform" на Конгресот (www.coe.int/congress-pact). Градовите и регионите, кои сакаат да бидат дел од Пактот или кои веќе покренале

иницијативи, исто така се поканувaат да се регистрираат на оваа платформа.

На оваа платформа, секој ќе има можност да доставува информации за нови иницијативи и структури или за постоечки мерки, а ќе може да се наврати на платформата секогаш кога ќе се спроведуваат нови активности. Овие информации и нивното споделување ќе овозможи мерење на напредок што го постигнува Кампањата ЕДНО од ПЕТ на локално и регионално ниво.

## Листа за проверка на активностите на локалните и регионалните власти

### *Превенција*

- ☐ Воспоставете линк до веб-страницата на Кампањата на Советот на Европа ЕДНО од ПЕТ од веб-страницата на вашиот град или регион
- ☐ Организирајте информативни сесии/средби во центрите за дневно згрижување, училиштата и младинските центри наменети за децата и персоналот
- ☐ Дистрибуирајте памфлети кои содржат информации и насоки
- ☐ Спроведувајте обука за професионалци кои работат со деца на локално и регионално ниво
- ☐ Организирајте дискусии и семинари за професионалци и општата јавност
- ☐ Искористете ја „Европската недела на локалната демократија“ за да се нагласи и сврти вниманието кон овој проблем
- ☐ Соработувајте со НВОи, медиумите и приватниот сектор
- ☐ Назначете лице или тело на локално/регионално ниво кое ќе работи на подигање на свеста за сексуалното насилство и злоупотреба на децата
- ☐ Работете заедно со граѓанското општество на собирање на конкретни податоци за локалните состојби треба да бидат основа на политиките и активностите
- ☐ Соработувајте преку границите на градовите

- ☐ Промовирајте национални и европски линии за помош и поддршка на децата
- ☐ Направете со едно кликнување на веб-страницата на вашиот град или регион да се добива брз пристап до помош и совет
- ☐ Изгответе и дистрибуирајте до сите деца во училиштата мали и лесни за носење „мемориски картички" кои ќе содржат корисни броеви и адреси
- ☐ Изработете магнети за фрижидер со битни броеви и споделете ги со секое домаќинство
- ☐ Поставете постери на местата каде децата често се движат кои ќе содржат информации за тоа каде можат да се обратат
- ☐ Обезбедете едукативни материјали кои се пријателски настроени и подобни за децата во училиштата и младинските клубови
- ☐ Дистрибуирајте информации и памфлети за безбедно однесување на Интернет
- ☐ Овозможете пријавување на незаконски активности на Интернет

## *Заштита*

- ☐ Воспоставете меѓу-институционални и мултидисциплинарни центри/куќи пријателски настроени и подобни за децата
- ☐ Воведете обврска за пријавување на овие дела на локално/регионално ниво
- ☐ Промовирајте насоки за пријавување на овие дела за професионалците кои работат со деца

## Документи и референтни веб-страници

- Кампања на Советот на Европа ЕДНО од ПЕТ за запирање на сексуалното насилство врз децата
- Конвенција на Советот на Европа за заштита на децата од сексуална експлоатација и сексуална злоупотреба
- Стратегија на Советот на Европа за правата на детето 2012-2015
- Конвенција на Советот на Европа за акција против трговијата со луѓе
- Конвенција за компутерски криминал
- Европска конвенција за остварување на правата на децата
- Насоки на Комитетот на министри на Советот на Европа за правда пријателски настроена кон децата
- Препорака за учество на децата и младите луѓе под 18 годишна возраст
- Откријте ги правата на децата!
- Кренете го гласот против плеснување!
- Wild Web Woods